- **Ad Точка 16.** Дијагнозата се испишува ин екстензо на латински и се кодира според МКБ-10, четиризначно. Тоа значи после буквата од абецедата на првата позиција следат два нумерички карактери, точка и на четвртата позиција соодветен нумерички карактер. Онаму каде категоријата има тризначен код, на четвртата позиција стои X. На образецот не е предвидено посебно место за точката.

- Да не се испишуваат кодови кои воопшто не кореспондираат со дијагнозата ин екстензо.

- **Ad Точка 18.** Ако станува збор за повреда, надворешната причина за повредата да се испише најкратко можно на македонски и да се кодира според Глава XX од МКБ-10, под Точка 18.

- **Ad Точка 21 и 22.** Ако исходот од лекувањето е летален секогаш да се пополнат податоците под Точка 21 и 22.